# ИНФОРМАТОР ЗА **ДИСКРИМИНАЦИЈА**

2018

**ЈУНИ**

Нееднаквиот третман кон определено лице или група на лица поради нивните лични карактеристики претставува дискриминација. Основите, видот и областите во кои дискриминацијата се забранува најдетално се опфатени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Прифаќањето на различностите и заштитата од дикриминација се многу важни за напредокот на секое општество. Од овие причини Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Хелсиншкиот комитет ги набљудуваат случаите на дискриминација, активностите на државата и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Информаторот ги прикажува податоците од набљудувањето во текот на еден месец.

## Случаи на дискриминација

Нееднаков третман овој месец **6**

### ОБЛАСТ

| | | |
|---|---|---|
| 1 работни односи | 1 образование | 0 социјална сигурност |
| 2 здравство | 2 пристап до добра и услуги медиуми | 0 домување |
| 0 медиуми | 0 избирачки права | 0 друго |

## Реакции

Реакции овој месец **9**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА

| | | |
|---|---|---|
| 0 осуда од функционери | 2 соопштение од здр. на граѓани | 0 протест |
| 0 мислења на Народен Правобранител | 1 мислења на Комисија за заштита од дискриминација и Државни институции | 0 останато |

### ПРЕВЕНЦИЈА

| | |
|---|---|
| Активности на ДИ | 0 |
| Активности на здрж. на граѓани | 6 |

## Карактеристики на жртвата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 0% пол | 50% родов идентитет | 0% етничка припадност | 0% религија |
| 0% политичка припадност | 0% попреченост | 17% сексуална ориентација | 33% корисници на дрога |

### ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| директна | 4 |
| индиректна | 0 |
| вознемирување | 2 |

### СУДСКИ ПОСТАПКИ

| | |
|---|---|
| Тековни судски постапки | 0 |
| Позитивни пресуди | 0 |
| Негативни пресуди | 1 |

## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ОД ЈУНИ 2018

СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2018




СЛУЧАЈ:

Во текот на 2016 година беше регистриран случај на нееднаков третман на жени Ромки, поради одбивање да им се изврши преглед во гинеколошка ординација. За да се докаже дека дискриминаторското постапување на гинеколошката ординација е насочена кон сите жени од ромската етничка заедница, беше спроведено тестирање на ситуација во кое учествуваа 3 тестерки кои беа Ромки и 3 контролни тестерки кои беа Македонки. Со тестирањето се потврди дискриминаторското постапување на гинеколошката ординација, односно сите Македонки беа примени како пациентки, а сите Ромки беа одбиени со различни изговори.

Со цел утврдување дискриминација беше започната судска постапка, каде што две од тестерките се јавија како тужителки против ординацијата, со тоа што сите учесници во тестирањето беа сослушани како сведоци. Иако првостепениот суд го прифати ситуационото тестирање како доказно средство, сепак одлучи да го одбие тужбеното барање. Во постапка по жалба, во текот на месец јуни беше донесена второстепена пресуда со која жалбата се одбива како неоснована. Особено значајно е што првостепениот суд во овој случај го прифати како доказ ситуационото тестирање, следејќи ја воспоставената судска пракса за прифаќање на овој метод како доказно средство, додека, второстепениот суд, се врати чекор назад, оценувајќи го истото како „симултан случај по спроведен проект во кој сведоците биле ангажирани за да одиграат одредена улога“.

Тестирањето ситуација претставува метод што се користи за докажување на директна дискриминација кон одредена личност која има конкретни идентитетски карактеристики заштитени со закон, со ставање во споредбена ситуација со друга личност која не ги поседува конкретните карактеристики и кон која не се врши дискриминација. Овој метод претставува апсолвирана практика за докажување дискриминација во европската јуриспруденција.[1]

[1] Тестирање ситуација – метод за докажување дискриминација http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/894/Metod_za_Diskriminacija_MKD.pdf

СУДСКА ПРАКСА:

Судот на правдата на Европската Унија (СПЕУ) во случајот - Coman and Others одлучи дека „терминот 'брачен другар' во смисла на одредбите на правото на ЕУ за слобода на живеење за граѓаните на ЕУ и членовите на нивните семејства ги вклучува брачните другари од ист пол“[2]. Со оваа одлука судот за прв пат го дефинираше терминот „брачен другар“ за потребите на слободата на движење забележувајќи дека терминот е родово неутрален и се може да се однесува на истополов брачен партнер на граѓанин на ЕУ. Оваа пресуда е особено значајна за истополовите семејства, бидејќи ја отстранува правната несигурност која овие семејства ја имаа по однос на ова прашање и обезбедува заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентација.

Во случајот Ibrogimov v. Russia[3], на жалителот му бил одбиен претстој во Русија поради тоа што е лице со ХИВ и бил протеран од територијата на државата. Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) постапувајќи по предметот утврдил дискриминација по основ на здравствен статус, потврдувајќи го своето претходно стојалиште од случајот Novruk and others v. Russia, дека лицата кои живеат со ХИВ се ранлива група и поради тоа на државите треба да им се овозможи ограничена маргина на дискреција во одлучувањето при изборот на мерки кои предвидуваат диференцијален третман за овие групи по основ на нивниот здравствен статус. Во таа насока, имајќи предвид дека наредбата за негово протерување не е базирано на индивидуално судско испитување на релевантните факти во случајот, туку на предетерминирана класификација на една цела група на ранливи индивидуи како закана по јавното здравје, истото е спротивно на заштитата од дискриминација предвидена во член 14 од Европската конвенција за човекови права.

[2] Case C-673/16 - Coman and Others http://curia.europa.eu/juris/document/document.jsf;jsessionid=9ea7d2dc30dd249123d6ef294fee91c984b40fabbf9f.e34KaxiLc3qMb40Rch0SaxyOah50?text=&docid=202542&pageIndex=0&doclang=EN&mode=lst&dir=&occ=first&part=1&cid=158462

[3] Ibrogimov v. Russia (app no. 32248/12) http://www.refworld.org/cases,ECHR,5afd71ba4.html

РЕСУРСИ:

1. Агенција на Фундаментални права (FRA) „Годишен извештај за фундаменталните права 2018“ - http://fra.europa.eu/en/publication/2018/fundamental-rights-report-2018
2. Агенција на Фундаментални права (FRA) „Надвор од видикот – експлоатација на жените мигрантки“ - http://fra.europa.eu/en/publication/2018/exploited-domestic-workers
3. Еквинет „Време е да се усвои Директивата за еднаков третман“ http://www.equineteurope.org/-Time-to-adopt-the-Equal-Treatment-Directive
4. Мисијата на ОБСЕ во Скопје „Човекови права“ - https://www.osce.org/mission-to-skopje/385947
5. Брошури за Комисија за заштита од дискриминација „Еднаквост за сите!“ - https://www.osce.org/node/385857
6. ЛГБТИ Центар за поддршка „Сите држави во ЕУ мора да ги признаат правата на сите истополови брачни парови за слободно движење“ - http://lgbti.mk/%D1%81%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B4%D1%80%D0%B6%D0%B0%D0%B2%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-%D0%B5%D1%83-%D0%BC%D0%BE%D1%80%D0%B0-%D0%B4%D0%B0-%D0%B3%D0%B8-%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%BD%D0%B0%D0%B0%D1%82-%D0%BF%D1%80/
7. ЛГБТИ Центар за поддршка „Трансродовоста се отстранува од листата на ментални нарушувања на Светската здравствена организација“ -http://lgbti.mk/%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%BD%D1%81%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0-%D1%81%D0%B5-%D0%BE%D1%82%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%BD%D1%83%D0%B2%D0%B0-%D0%BE%D0%B4-%D0%BB%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B0%D1%82/
8. Коалиција Маргини „Поддршка на новиот закон за спречување и заштита од дискриминација“ - http://coalition.org.mk/poddrshka-na-noviot-zakon-za-sprechuvane-i-zashtita-od-diskriminatsija/

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**